# ОД РАБОТАТА НА IX ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА СОЈУЗОТ НА ИСТОРИСКИТЕ ДРУШТВА НА СР МАКЕДОНИЈА

**(Крушево 18—19. IX 1970)**

На 18 и 19 септември 1970 година, во Крушево се одржа IX Годишно собрание на Сојузот на историските друштва на СРМ, во присуство на бројни делегати од историските друштва, (Институтот за национална историја, Заводот за школство и други) во една изразито работна атмосфера да се сумираат резултатите на Сојузот на историските друштва за изминатиот двогодишен период.

Како гости на Собранието присуствуваа: во име на Сојузот на историските друштва на Југославија м-г Милутин Перовиќ; од името на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Македонија Живко Василевски; од името на градот домаќин претседателот на Собранието на Крушевска општина — Вангел Мандиловски — како и други општествено-политички работници. На Собранието присуствуваа и група студенти — историчари од Историскиот факултет на Државниот универзитет во Вороњеж — СССР на чело со доцентот Анатолиј Дмитријевич Прјахин и Валентина Г. Ситник, кои како гости на Филозофскиот факултет во Скопје изразија желба да присуствуваат на Собранието.

Воедно до Собранието пристигнаа и бројни телеграми од други друштва на Југославија и поединци кои го поздравија Собранието и му пожелаа плодотворна работа. Со телеграми Собранието го поздравија: Зgодовинско друштво за Словенија; Повјесно друштво на Хрватска; Друштвото на историчарите на Црна Гора; ректорот на Универзитетот „Кирил и Методи“ — Скопје, проф. Кирил Пенушлиски, дек. на Филозофски факултет — Скопје, проф. Методија Соколоски како и д-р Глигор Тодоровски, виш научен соработник при Институтот за национална историја — Скопје.

Собранието го отвори претседателот на Сојузот на историските друштва на СРМ д-р Александар Апостолов, поздравувајќи ги гостите на Собранието. Потоа Собранието го поздравија од име на Сојузот на историските друштва на СФРЈ м-г Милутин Перовиќ, од името на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Македонија Живко Василевски, од име на Собранието на општина Крушево претседателот Вангел Мандиловски, од име на групата историчари од Историскиот факултет на Државниот универзитет во Вороњеж — СССР, доцентот Анатолиј Дмитријевич Прјахин.

Веднаш по завршувањето на поздравните говори беше прочитан реферат за Владимир Илич — Ленин по повод 100-годишнината од неговото раѓање. Рефератот беше поднесен од страна на проф. на Педагошката академија во Битола Цветан Беличански. Во рефератот беше направен посебен осврт на националното прашање, низ аспектот на теоријата, практичните решенија и решавање на ова прашање во нашата земја и воопшто во светот. Исто така, зазеде место и теоријата за развитокот на социјалистичката демократија, со нашата дваесетгодишна практика од работничкото самоуправување и др.

Потоа претседавачот на Сојузот на историските друштва на СРМ, д-р Александар Апостолов, поднесе извештај за двогодишната работа на Сојузот: Во извештајот главно беа засегнати сите прашања и проблеми со кои се занимаваше Сојузот во својата двогодишна работа. На крајот на извештајот беше дадена предлог-програма за идните задачи на Сојузот.

По извештајот на Сојузот на историските друштва на СРМ, беше поднесен и извештај од страна на Редакцијата на списанието „Историја“ за двогодишната работа. Извештајот го поднесе д-р Војо Кушевски. За финансиското работење на Сојузот на историските друштва, извештај поднесе Лидија Лаиновиќ.

Во дискусијата по извештаите зедоа учество повеќе дискутанти.

Д-р Славко Димевски, откако се осврна со неколку збора за извештајот на Друштвото и се изрази пофално за двогодишната работа на Друштвото наспомна и некои пропусти во таа двогодишна работа, а посебно обрна внимание на работата на историчарите во институции како Радио-телевизија, „Нова Македонија“ и други издавачки куќи. Посебно го истакна проблемот што во последно време гледаме и слушаме разни емисии со историска содржина на Радио-телевизија кои се без солидна историска подлога и на кои би можеле да упатиме бројни забелешки. Во тој смисол тој предложи Друштвото во иднина да обрне поголемо внимание на вакви и слични емисии или статии во весниците и во такви случаи да реагира. Потоа се осврна со неколку збора кон соседна Бугарија и објавувањето на повеќе романизирани биографии од разни бугарски историчари кои под плаштот на овие биографии ѝ сервираат на јавноста и пароли кои се насочени против самобитноста на македонскиот народ и против Југославија во целина. Тој смета дека е нужно историчарите од Македонија да ги пратат овие работи и на еден достоинствен начин да дадат одговор. Затоа Димевски предложи да се обрне посебно внимание на историчарите кои се наоѓаат во дневните редакции на весниците, списанијата, Радио-телевизија — што повеќе да се активираат во историското друштво. Во тој смисол би требало сите тие сродни институции каде што работат историчарите да се организираат по својата проблематика во една секција.

Д-р Манол Пандевски, во својата дискусија зборуваше за соработката на Историското друштво на СРМ со другите историски друштва на СФРЈ и надвор од границите на нашата земја. Тој истакна дека и досега се настојувало да се воспостават врски со други земји нарочно со Балканските (соседните) што го смета за позитивно. Меѓутоа, тој лично искажа сомневање дека до такво нешто може да дојде, повикувајќи се на досегашните искуства во таа соработка. Тој предложи во таа соработка повеќе да се свртиме на внатрешен план, — на другите социјалистички републики, а тие односи сè повеќе да се проширувaат и продлабочуваат. „Ние тоа и досега сме го имале — рече Пандевски, што е секако видно и од самиот извештај.“ Притоа, тој повеќе инсистираше тие врски да бидат на уште поширока основа. Од друга пак страна, Пандевски смета дека може да бараме соработка и контакти со оние национални историски друштва од други земји каде може

да се здогледа долгогодишна соработка. Со неколку збора Пандевски се осврна на почестата употреба на зборовите антимакедонска, односно антијугословенска кампања и смета дека е тој термин надминат. За него тоа е однапред зацртана стратегија во бугарската историографија, која со децении се спроведува. Притоа, истакна за пример неколку учебници по историја на Бугарија како и низа други фалсификати по однос на историјата на Македонија и Србија.

Д-р Петар Стојанов, смета дека извештајот главно ги опфатил сите моменти од својата работа, но стави забелешка дека отсуствуваат некои работи од внатрешната организираност на Сојузот, т.е. извештаи од другите друштва во Републиката. Со тоа смета дека извештајот би бил поцелосен. Во поглед на што подобра организираност на Сојузот Стојанов ја поддржа идејата на д-р Славко Димевски, дека групи историчари кои делуваат по најразлични линии, точно можат да пројават поголема активност, преку што појасно би се видела нашата општествена функција.

Д-р Миле Тодоровски, со својата дискусија го свртe вниманието на потребата во осумгодишните училишта професорот да си го најде своето место, а не како досега тој да служи за дополнување на часови и сл. Во тој поглед треба да се менува и Законот за осумгодишните училишта каде што на наставниците од педагошките академии им е дадена предност, што Тодоровски го смета за нормално но тој се прашува што ќе се случи понатаму, кога секоја година Филозофскиот факултет — Историската катедра исфрла нови кадри, каде тие ќе го најдат своето место во наставата, и дали тие не се квалификувани предметот историја да го предаваат во осумгодишните училишта. Тој мисли дека е нужно Друштвото на историчарите повеќе да се позанимава со ова прашање како би се нашло најцелисходно решение.

Ленче Георгиева, дискутираше за сегашната организираност на Друштвото и се согласи со предлогот на Управата како идна задача на новата управа да биде и тоа да се реорганизира друштвото и да се организираат друштва во поголемите центри што би овозможило поскоординирана работа од причини што досега имаме случаи 3—4 историчари да сочинуваат друштво, што таа смета дека не беше најдобро. Покрај тоа го наспомна проблемот за финансирање на подрачните друштва и нивните тешкотии во досегашните услови. Затоа таа предложи членарината да се зголеми од 3 на 6 динари, како би се створиле основни услови за работа.

Ристо Поплазаров, ги засегна прашањата околу издавање на учебници и е на мислење дека тука има уште многу да се работи, а особено во расветлување на извесни периоди од историјата како што е периодот меѓу двете светски војни кој не е доволно обработен. Тој исто така, се согласува со дискусијата на д-р Манол Пандевски и го надополнува со тоа што мисли дека бугарските историчари на нивниот конгрес од оваа година со изнесените реферати и засегнатите прашања во нив, всушност отвораат долгогодишна борба против Македонија и Југославија во целина. Додека конгресот на југословенските историчари од 1969 година, имаше научен карактер бугарскиот

конгрес обилуваше со антимакедонски и антијугословенски истапи. Во тој смисол Поплазаров предложи на општојугословенски план историчарите да истапуваат против вакви и слични напади од било која страна на соседните балкански држави. Во организационен поглед Друштвото на историчарите на Македонија би требало на овие собранија, кои се одржуваат на две години, да ја организира работата во две групи и тоа научна и стручна група, а историчарите да се определуваат сами за онаа група која ги интересира. На тој начин Поплазаров смета дека би се добило во квалитетот на работата.

Д-р Владо Ивановски, во својата дискусија се осврна на предлозите за организација на Друштвото и не се согласува со предлогот да се организираат друштва во поголеми центри, мислејќи дека и порано постоела некоја слична организација на Друштвото по околии, а се покажала како непрактична. Тој понатаму се осврна на работата на Стручниот совет на Радио-телевизија, кој досега не покажа некои поголеми резултати. Тој смета дека е време на самоуправна основа да се избира овој Совет и поголем број историчари да учествуваат во изборот на одредени историски емисии. Покрај тоа, тој стави забелешка за тоа што на ова Собрание не бил презентиран некој реферат од НОБ што порано се практикуваше.

Д-р Бранко Панов, се осврна со неколку збора на извештајот и активноста на поедини друштва. Тој спомна исто така, дека голем број историчари биле ангажирани на повеќе научни средби, а што не се набележани во извештајот. На крајот од својата дискусија предложи да се испрати едно писмо до Собранието на град Скопје во врска со изградбата на Историскиот музеј на СРМ, ова од причини што работите околу изградбата на музејот доцнат, иако се одобрени средства, а се чека само на решавање на имотно-правните односи на некои граѓани на локацијата определена за градба на Музејот. Писмото беше прочитано пред Собранието и едногласно беше усвоено.

Масар Кодра, дискутираше за некои емисии на Радио-телевизија Скопје и ја спомна емисијата „Илинденска епопеја". Во која не се водело сметка за другите националности, посебно Турците, кои во емисиите се прикажани во многу лоша светлина, а што денеска има одраз меѓу младината: „Ние сите знаеме, рече Кодра, дека во Крушевскиот манифест беа повикани сите угнетени народи кои живееја во Македонија да се борат против тиранијата". Тој рече дека треба во иднина многу поголемо консултирање при поставување на емиси на радиото и телевизијата, — со познати историчари.

Драган Кузмановски ја истакна ангажираноста на Републичкиот завод за школство, којшто успеа во стручните училишта да го зголеми фондот на часовите по историја. „Но со новата реорганизација на средните училишта, како што е замислена, секако ќе дојде до повторно намалување на часовите", рече Кузмановски. Во тој смисол предложи идната управа да води сметка да не дојде до намалување на бројот на часовите по предметот историја. На крајот од својата дискусија даде предлог во текот на овие две години да се одржи еден сим-

позиум од страна на историчарите на тема од НОБ во Кичевско, како би и тој крај можел да го добие она место кое го заслужува.

Благоја Цветковски, во дискусијата ја истакна потребата од внесување нешто ново во работата на Друштвото на теренот, мислејќи на тоа дека таму работат професори, наставници по историја кои ги интересираат некои проблеми, а кои не мора да ги третираат другите друштва во Републиката. Во тој смисол предложи одбирање на предмет на работа, особено на оние друштва што се наоѓаат во помалите места. Покрај тоа, Цветковски е на мислење дека во иднина треба да се обработуваат и теми од наставната проблематика, каде што голем број професори и наставници би зеле учество во дискусијата.

Ѓорѓи Димовски, се надоврза на дискусијата на Цветковски и ја спомна како позитивен пример — работата на Историското друштво во Битола. Во работата, тие во консултација со историчарите во градот, сметале дека е нужно да се одржи еден семинар за проблемите во наставата, што е и сторено, а се покажало многу практично. Покрај практичната работа на Семинарот биле одржани и предавања од чисто научен карактер, што биле добро примени од присутните. На крајот предложи во тој смисол повеќе да се размисли и да се преземат чекори во иднина да се организираат слични собири и на други подрачја во Македонија.

Дамјан Лепчевски, зборуваше за соработката на Историското друштво на СРМ со други друштва и заводи во СФРЈ и го истакна како позитивно што во тие контакти се одржани повеќе предавања. Потоа ја наспомна меѓурепубличката соработка во изработка на учебници по историја во кое е најдено полно разбирање од страна на другите друштва во Југославија во учебниците да се даде малку поголем простор за историјата на македонскиот народ, што досега не беше случај. Тој смета дека во иднина таа соработка треба да се прошири и продлабочи меѓу републиките и со размена на предавачи се изнесат теми од заеднички интерес на друштвата. На крајот од својата дискусија Лепчевски го постави прашањето за снабдувањето на нашите училишта со помошна литература и нагледни средства (историски карти, албуми со портрети на наши револуционери, борци од НОБ и др.).

Д-р Александар Апостолов, во својата дискусија прифати некои забелешки за работата на Управата на Сојузот на историските друштва во изминатиот двогодишен период и воедно одговори на некои поставени прашања од дискутантите.

Проф. Љубен Лапе, потцрта во својата дискусија дека Управата на Сојузот на историските друштва од сето изложено во извештајот, а и од дискусиите пројавила голема активност со својата работа, па препорача идната управа повеќе да размисли за поедини предлози од дискусијата, како тие би можеле да си најдат место во работата на идната Управа.

На крајот од работата, на попладневната седница беше дадена разрешница на Управата, која работеше во двогодишниот мандатен период. Потоа се помина на разгледување на предлозите за цената на списанието „Историја“ и се одлучи во иднина списанието да се продава по цена за еден број: — за

студенти и ученици 4 н. дин.; — за членови на Друштвото 8 н. дин.; — за установи 10 н. дин.; — за странство 20 н. дин.

Исто така беше даден предлог членарината да се зголеми на 6 динари што беше едногласно усвоен.

По одлука на IX Собрание, наредното X собрание на Сојузот на историските друштва на Македонија ќе се одржи во Скопје.

По предлог на Кандидационата комисија, кој го прочита д-р Петар Стојанов, во новата Управа беа предложени: Трпко Панговски, претседател, д-р Петар Стојанов, Масар Кодра, Константин Делиниколов, д-р Бранко Панов, Владо Картов, Дамјан Лепчевски, Цветан Беличански, Благоја Цветковски, Александар Кузмановски, Васка Перчинкова, Д-р Славко Димевски и Јован Довинински.

Во Надзорниот одбор беа предложени: д-р Велимир Брезовски, д-р Александар Апостолов и Милка Тодоровска.

Во Судот на честа: д-р Галаба Паликрушева и проф. Томо Томоски;

во Реракциски одбор на списанието „Историја": проф. Љубен Лапе, д-р Александар Матковски, д-р Орде Иваноски, д-р Војо Кушевски — главен и одговорен уредник, д-р Глигор Тодоровски, д-р Бранко Панов, доц, Славка Фиданова и Димитар Димевски — секретар.

Предлозите од Кандидационата комисија беа усвоени од страна на Собранието.

На вториот ден од работата на IX годишно собрание на Сојузот на историските друштва беше прочитан реферат од Бранко Благоевски: „Крушево во Илинденското востание" кој беше со особено внимание ислушан од присутните.

По одржаното предавање беше прочитано писмото упатено до IX годишно собрание од страна на Советот за традиционална прослава „10 дена Крушевска Република" — во кое Советот бара од Собранието на Сојузот на историските друштва да донесе заклучок во кој Сојузот ќе се обврзе во иднина по повод оваа прослава која е традиционална, да одржува симпозиуми, семинари, советувања и други форми на научно-истражувачка работа поврзани со Илинден и Крушевската Република. Ова барање на Советот „10 дена Крушевска Република" едногласно беше усвоено.

По завршувањето на работниот дел на Собранието беа посетени од страна на делегатите и гостите на Собранието — историските споменици во градот како и значајни историски места во неговата околина. Притоа беа положени венци на споменикот на Никола Карев и на паднатите борци од Крушевско во НОБ.

**М. М.**